КАЈ СТАДИОНОТ ВО БИТОЛА ПРОНАЈДЕНИ УШТЕ 2.929 ГРАНАТИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА, ДОСЕГА ОТКРИЕНИ НАД 3.600

3315

20 ноември 2020

Битола, (САКАМДАКАЖАМ.МК)

Во наредниот период се очекува да се пронајдат уште илјадници неексплодирани убиствени средства (Фото: СДК.МК)

Уште 2.929 гранати од Првата светска војна се најдени овие три дена во близина на стадионот „Под Тумбе кафе" во Битола, чија реконструкција е во тек. Заедно со над 500 гранати што беа пронајдени на 26 октомври на истото место, досега вкупно се извадени 3.664 парчиња.

„Три дена работиме, првиот ден пронајдовме 672 парчиња, вториот ден 1.150 и денеска 1.100. Ќе се носат во Криволак за да се уништат. Имаме закажано четири термини од средината на декември, но ќе треба повеќе, зашто излегоа многу парчиња", рече Ѓорги Стефанов, пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување во Битола.

Уште илјадници неексплодирани убиствени средства од Првата светска војна останаа под земја кај стадионот, кои ќе треба да бидат извадени во следниот период.

„Можно е да има уште од 10.000 до 30.000. Вчера и завчера ни помогна багер од приватна компанија. Денеска немаше потреба од багер, оти имаше доста извадено и ги транспортиравме. Во понеделник продолжуваме за работа", додаде Стефанов.

Гранатите се со ист калибар, од 75 милиметри и се транспортираат во битолската касарна, каде што има и други бомби од Првата светска војна пронајдени во Пелагониско. Складот до неодамна беше обезбеден само со катанец, а откако медиумите јавија дека може да дојде до провала или пожар, со што во опасност би биле делови од градот во радиус од два километра, поставено е и физичко обезбедување.

Пелагониското регион е преполн со неексплодирани убиствени средства останати од Првата светска војна зашто оттука минувал Македонскиот фронт, а денес е оставен само со еден пиротехничар. Од овој регион годишно во просек излегуваат по 200 неексплодирани средства.

Ж. ЗДРАВКОВСКА

©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови и фотографии) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира

Дописна мрежа | Битола | гранати | стадион

ПОВРЗАНИ

100.000 МАКЕДОНЦИ ЖИВЕАТ ВО ГЕРМАНИЈА, А 80 ДО 100 ДНЕВНО БАРААТ РАБОТНА ВИЗА, РЕЧЕ ГЕРМАНСКИОТ АМБАСАДОР ГЕРБЕРИХ


ФИЛИПЧЕ ПОБАРА ДА СЕ КАЗНИ ОРГАНИЗАТОРОТ НА КОНЦЕРТОТ НА ПЕТАР ГРАШО ВО ХЕРАКЛЕЈА ШТО МИНА БЕЗ МАСКИ И ДИСТАНЦА


ДВАЈЦА РАБОТНИЦИ ОД БУГАРИЈА СТАВЕНИ ПОД НАДЗОР ЗА КОРОНАВИРУС ВО БИТОЛА

БОЛНИЧАР ОД БИТОЛСКАТА БОЛНИЦА ЗАРАЗЕН СО КОРОНАВИРУС, ХИРУРГ СО СИМПТОМИ

Најчитани

ТЕТОВЧАНКА МОЛЕЛА ЗА ПОМОШ ДОДЕКА ЈА ТЕПАЛ СОПРУГОТ, ПОЛИЦИЈАТА НЕ ИНТЕРВЕНИРАЛА ОТИ БИЛ ПОЗИТИВЕН НА КОРОНАВИРУС

СОСЕДИТЕ ГИ ПОГРЕБУВААТ ПОЧИНАТИТЕ ОД КОРОНАВИРУС ВО БИТОЛА

41-ГОДИШНА ЖЕНА ПОЧИНА ОД КОВИД-19 ОТКАКО ДВА ДЕНА БАРАЛА КИСЛОРОД ОД СЕСТРИТЕ ВО ШТИПСКАТА БОЛНИЦА, ЌЕ ИСТРАЖУВААТ ЗДРАВСТВЕНИ ИНСПЕКТОРИ

НОРМАЛНИОТ ЖИВОТ ЌЕ СЕ ВРАТИ СЛЕДНАТА ЗИМА, ВЕЛИ НАУЧНИКОТ ШТО ЈА СОЗДАДЕ ВАКЦИНАТА ЗА КОВИД-19

ШТИПЈАНКА ПОЧИНАЛА ОД КОРОНАВИРУС ИАКО ИМАЛА ПЕТ НЕГАТИВНИ ТЕСТОВИ

„САКАМ ДА КАЖАМ"

платформа за слободоумни е проект на

СДК Михајловски Дооел, Скопје и на Здружение „Сакам да кажам" Скопје.

Уредник: Горан Михајловски
Проверка на факти: Марина Костова
Менаџер на социјални мрежи: Мирослав Илиоски
Редакција: sdk@sdk.mk
контактирајте нè: info@sdk.mk
Поштенски фах: 367

©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови и фотографии) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира

Архива

Архива

Изберете месец

Колумната **САКАМ ДА КАЖАМ** излегува од 12 јануари, 1991 година

© 2016 - 2020 Сакам Да Кажам. Сите права задржани | Политика на приватност | Политика на инклузија | Правилник за внатрешно пријавување | Кодекс на однесување